Центарот за семејна медицина објавува интерен конкурс за ментори по семејна медицина. Согласно Правилникот за специјализација кандидатите треба да ги задоволат следните услови:

- 10 години работен стаж
- Специјалист по семејна медицина

Дополнителни услови кои треба да ги исполнат се:

- Минимум 1 година едукатор во Центарот за семејна медицина
- 2 препораки од менторите на Центарот за семејна медицина

Сите заинтересирани доктори да достават **CV и мотивационо писмо** најдоцна до **17 април** 2013 година во Центарот за семејна медицина.

По разгледување на документите ќе се организира интервју со кандидатите после што ќе следи дефинитивен избор на ментори.

Со почит,

Центар за семејна медицина

Медицински Факултет Скопје

Центар за семејна медицина, Медицински Факултет Скопје
Ул. 50 Девизија бб, 1000 Скопје, Р.Македонија
Тел: ++389 2 3214340
www.semejnamedicina.mednet.mk
contact@semejnamedicina.mednet.mk

## МЕНТОРИ НА СПЕЦИЈАЛИЗАНТИ ПО СЕМЕЈНА МЕДИЦИНА

Менторот треба:

- Да ја познава шемата за специјализација по семејна медицина во Македонија;
- Да има подучувачки вештини (да поминал курс за едукатори /ментори/ наставници);
- Да биде посветен на наставата;
- Да има искуство како лекар (најмалку 10 години во ординација);
- Да биде активен во континуираниот професионален развој и осигурување на квалитет (собрани кредити од КМЕ);
- Да обезбеди пристап до медицински информации за специјализантот (на пример библиотека, интернет);
- Да претставува пример за специјализантот;
- *Да одржува висок стандард на медицинска нега во својата ординација;*[1]
- *Да има доволен број пациенти со разни акутни и хронични состојби;*[1]
- *Да има добра опрема и простории во ординацијата;*[1]
- *Да има добро организирана и квалитетна медицинска евиденција;*[1]
- Да има добро претходно искуство со специјализанти (да биде препорачан од специјализанти или колеги).[2]

Задачи на менторите во водењето на специјализантите (кандидатите на доедукација):

- Следење на спроведување на планот и програмата за специјализантите (кандидати на доедукација)Обезбедува дополнителни активности и е одговорен во соработката со едукаторите на специјализантот да му овозможи да ги исполни вештините од планот и програмата за специјализантите и да успее да ги совлада знаењата и вештините во текот на специјализацијата.
- Менторот го потврдува успешно совладаниот дел од специјализацијата (турнусот) со што специјализантот се стекнува со можност да ја продолжи специјализацијата.
- Ако специјализантот не го совлада успешно делот од специјализацијата се продолжува со времето потребно за совладување на соодветниот дел од специјализацијата

[1] Не е задолжително
[2] При реизбор на ментор

- Специјализантот е должен да го повтори целиот или дел од турнусот, ако менторот процени дека усшешно не ги совладал знаењата и вештините од планот и програмата.
- Спроведувањето на повторниот турнус или дел од турнусот паѓа на товар на специјализантот.

Ако во период од пет години најмалку двајца специјализанти кај еден ментор, односно едукатор со успех не ги совладале одделните вештини од планот и програмата за специјализациите, односно субспецијализациите на менторот, односно едукаторот му се одзема овластувањето за вршење на работите на ментор, односно едукатор.

**Менторот е должен секој месец до Центарот за семејна медицина и до специјализантот да достави месечен извештај.**